Бр. 12-2509/4
Датум 26-08-2020

До: Фондацијата Ѓорѓи Маријановиќ
Бул. Кочо Рацин 10-2
Скопје

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање за одобрување проект

Почитувани,

Министерството за образование и наука го разгледа Вашиот допис со кој барате одобрување за спроведување на Проектот „ Школа за идни лидери" кој е непрофитна, воннаставна активност.

Имено од доставените документи може да се воочи дека Проектот „ Школа за идни лидери" е наменет за организирање на годишни натпревари во раскажување на прочитани книги да се развијат комуникациските односно ораторските вештини кај децата.

По однос на гореневеденото Ве известуваме за следново:

Врз основа на приложената документација и позитивното мислењето од Бирото за развој на образованието бр.09-509/2 од 08.04.2020 година, Министерството за образование и наука смета дека проект ќе придонесе во насока на правилен интелектуален развој на децата, како и врз подигнување на свеста кај учениците.

Имено Министерството за образование и наука дава согласност за спроведување на Проектот „ Школа за идни лидери" и во прилог Ви го доставуваме дописот број 09-509/2 од 08.04.2020 од Бирото за развој на образованието.

Со почит,

Министер/Ministër,
Dr.Arbër Ademi

подготвил: Верица Златанска Пауновска
контролирал: м-р Даниела Граороска
согласен: Елена Ивановска
одобрил: Назиктере Сулејмани


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

17 ОЦНОЈ верге

Број 09-509/2
8.4.2020 год.

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

До:
Д-р Арбер Адеми
Министер за образование и наука

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 28-04-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број Numri | Прилог | Вредност Vlerë |
| 12 | 2509/3 | | |

**Предмет:** стручно мислење

Врска: Допис бр. 12-2509/2 од 09.03.2020
Наш број: 09-509/1 од 12.03.2020

Почитувани,

Врз основа на Вашето барање заведено со наш архивски бр. 09-509/1 од 12.03.2020, во кое се бара одобрување за реализирање на проектот „Школа за идни лидери", Бирото за развој на образованието Ви го проследува следново мислење кое следи во прилог.

Со почит,

Прилог: Стручно мослење

В.Д.Директор

Зеќирија Хасипи

Изготвил: м-р Владо Стојанов, советник
Одобрил: Ајше Ајрулаи, раководител на сектор

## СТРУЧНО МИСЛЕЊЕ

По внимателно проучување на сите можни позитивни влијанија од воспитно-образовен, едукативен и културолошко-морален аспект на замислата и идејата за враќање на книгата како моќна алатка во воспитно-образовниот процес опишани во краткиот опис на проектот „Школа за идни лидери", а предложена од фондацијата Ѓорѓи Марјановиќ – Македонија во вид на проектна вонннастана активност на учениците кои се групирани на различна возраст и етапи во училиштата, како и развојот на комуникативните и ораторски вештини на децата со одржување на натпревар во број на прочитани книги, е во согласност со стратегијата за долгорочно подигнување на јавната свест на родителите и децата на повисоко ниво за постепенио враќање на вистинските вредности во животот, а тоа е книгата.

Проектот вклучува релевантни институции со истакнати личности од литературната фела кои можат да дадат стручна проценка за квалитетот на ораторството и употребениот стил во раскажувањето, како и оценка за индивидуалниот збогатен фонд на зборови кај натпреварувачите.

Во проектот се внимавало и на зацврстување на врската родител – дете, која е неопходна за правилниот тек и развој на детето преку нивна взаемна природна активност и морална поддршка на родителот кон детето, како вербална, така и дигитално интерактивна, со користење на информатичката технологија, што додава еден дополнителен вкус и зачинетост на идејата за проектот.

За информативна намена на директните и индиректните учесници во натпреварот, ќе биде изработена веб страна каде што ќе се објавуваат сите релевантни информации за настанот, како и напатсвие за користење на COBISS (онлајн пребарување на достапни книги во библиотеките).

Идејата е на крај заокружена со дополнителна донација и помош на библиотеките на училиштата со книги кои се донација од некои од издавачките куќи во Македонија.

Проектот е замислен како едногодишен со почеток на секоја учебна година и во својата рана „прва фаза", е замислен и наменет само за училиштата каде децата учат

на македонски наставен јазик, со можност во идните фази да прерасне на ниво на натпревари каде ќе учествуваат учениците од сите наставни јазици.

Исто така, проектните активности не влијаат и не го нарушуваат воспитно-обраовниот процес во училиштето. Воннаставната активност е базирана на доброволно ниво на учениците, родителите, наставниците и менаџментот на училиштата.

Во согласност со горенаведеното, Бирото за развој на образованието е на мислење дека проектот е во согласност со Стратегијата за образование 2018-2025 година и Концепцијата за воннаставни активности во основното образование и со тоа ќе придонесе позитивно во насока на правилниот интелектуален развој на децата, како и врз подигнување на свеста кај учениците, а и кај целната група - родители, дека љубовта кон пишаниот збор, всушност претставува љубов кон себе, рефлектирајќи ја и кон другите, ќе им отвори нови патиштата, ќе им понуди посветла перспектива за себе, за нивната иднина и за светот како целина.

изготвил: м-р Владо Стојанов, советник